Врз основа на член 32 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 46 од 18 мај 2004 година), Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 5.1.2006 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за изменување и дополнување на Правилата за работен ред и дисциплина на работниците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје**

**Член 1**

Во Правилата за работниот ред и дисциплина на работниците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, објавен во Универзитетскиот гласник бр. 64 од 17 мај 2005 година, во членот 6 ставот 1 се менува и гласи:

„Секој работник мора да биде на своето работно место точно во определеното време, за да може да почне со работа без задоцнување, односно работното време е лизгачко, почеток од 7 или 8 часот и трае до 15 или до 16 часот, во зависност од тоа кога работникот е дојден на работа, а работното време во текот на денот изнесува 8 часа."

**Член 2**

Овие Правила стапуваат во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**В.Д. Декан**

**Проф. д-р. Мишо Христовски, с.р.**

---

Врз основа на член 33 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 25.11.2005 година донесе

# ПРАВИЛНИК

**за остварување на спортските активности на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот на вршењето на спортските активности, остварувањето, евиденцијата и наградувањето на учесниците во спортските активности на Правниот факултет Јустинијан Први - Скопје.

**Член 2**

Спортски активности во смисла на овој Правилник се: спортските активности и натпреварувања од страна на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје, во колективните (екипни) и индивидуалните спортови на универзитетско ниво во државата и во странство, како и спортско-рекреативните активности на вработените на Факултетот.

**Член 3**

Заради успешно остварување на спортските активности, Факултетот се грижи за поттикнување, унапредување, помагање и реализирање на спортските активности, врз основа на утврдената Програма за спортски активности на Факултетот.

## II. УЧЕСНИЦИ ВО СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

**Член 4**

Учесници во спортските активности на Факултетот се:

-студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" кои учествуваат во спортските активности и натпреварувања во екипните и индивидуалните спортови и

-вработените и лицата ангажирани од страна на Факултетот во наставниот процес, кои учествуваат во спортско-рекреативните активности и натпреварувања.

**Член 5**

Во спортските активности и натпреварувања во државата и во странство учесниците настапуваат под името и амблемот на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје, а како членови на екипи на универзитетско ниво, настапуваат под името и амблемот на Универзитетот „Св. Кирил и Методи", Скопје.

Учесниците во спортските активности и натпреварувања во државата и во странство се должни достоинствено и спортски да го претставуваат Факултетот и Универзитетот.

Учесниците ги вршат спортските активности аматерски и се должни редовно да ги извршуваат обврските кои произлегуваат од спортските активности на Факултетот.

Отсуството на учесниците-студенти од наставата и вежбите заради вршење спортски тренинзи и натпревари го оправдуваат одговорните лица кои ги водат спортските активности назначени од страна на деканот.

Отсуството на вработените и одговорните

лица заради остварување на спортските активности и учество на спортски манифестации и натпреварувања на Факултетот во државата и во странство го одобрува деканот.

## III. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ ЛИЦА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

**Член 6**

За успешно презентирање на Факултетот во спортските активности и постигнување повисоки успеси и резултати, покрај одговорните лица од страна на вработените, Факултетот може да ангажира и истакнати стручни лица од областа на спортот за водење на спортските тренинзи и натпреварувања на екипите.

Стручните лица од областа на спортот за потребите на Факултетот во остварувањето на спортските активности ги назначува деканот со одлука, по предлог на Комисијата за спортски активности.

Стручните лица изготвуваат правила за начинот на селектирање на членови за соодветната спортска активност, составот на екипите за настапот, организација на тренинзите и други активности во функција на таа спортска активност.

Правилата ги потврдува Комисијата за спортски активности.

Селектирањето на членовите за соодветната спортска активност се врши по претходно објавен оглас кој ќе биде достапен за сите студенти.

Одговорните лица од страна на Факултетот и стручните лица од областа на спортот за ангажманите во спортските активности добиваат надомест кој го определува деканот.

## IV. КОМИСИЈА ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 7**

За успешно остварување на спортските активности на Факултетот, се формира Комисија за спортски активности на Факултетот, чии членови, по предлог на деканот , се избираат на седница на Наставно-научниот совет.

Комисијата е составена од пет членови од кои три члена од страна на вработените на Факултетот и двајца претставници од страна на студентите.

Членовите на Комисијата-претставници од страна на студентите се предлагаат од страна на студентската организација и имаат статус на редовни студенти.

Мандатот на Комисијата е две години со можност за повторен избор.

Комисијата од своите членови избира претседател со мандат од две години со можност за повторен избор.

**Член 8**

Комисијата ја изготвува Програмата за спортските активности на Факултетот, за секоја година најдоцна до 15 септември.

Програмата се изготвува врз основа на барањата на студентите и вработените за организирање на конкретна спортска активност.

Програмата за спортските активности ја одобрува деканот на Факултетот.

За реализација на Програмата, како и за начинот на работење при спроведување на спортските активности на Факултетот, Комисијата подготвува Извештај за својата работа до Деканот и до Наставно-научниот совет најмалку еднаш годишно.

Деканот може да предложи Наставно-научниот совет да ја разреши Комисијата или нејзин член и пред истекот на мандатот, доколку не ги извршува или ги запоставува предвидените обврски и задачи поврзани со спортските активности на Факултетот.

**Член 9**

Програма за спортските активности на Факултетот (во натамошниот текст: Програма) се донесува за период од една година.

Во Програмата особено се утврдуваат:

- целите и приоритетите на развојот на спортските активности од страна на Факултетот;
- проекција на потребите за спортските активности;
- проекција на учество во спортските натпревари во државата и меѓународните натпреварувања и манифестации во странство;
- обем и цели на меѓународната спортска соработка на Факултетот и
- обем на средства потребни за остварување на спортските активности.

## V. СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

**Член 10**

Факултетот се грижи за обезбедување услови (спортска сала) и опрема (дресови, патики и др.) за успешно остварување на спортските активности на учесниците.

Средствата за остварување на Програмата за остварување на спортските активности се обезбедуваат од средства на Факултетот, како и од донации и спонзорства на физички и правни лица.

Факултетот за остварување на спортските активности и презентирањето во областа на спортот годишно одвојува средства во посебен фонд.

## VI. УЧЕСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ

**Член 11**

Учесниците во спортските активности на Факултетот учествуваат во спортските натпревари и манифестации организирани на универзитетско ниво и на други домашни и меѓународни манифестации и натпреварувања од областа на спортот.

Учеството на меѓународни манифестации и натпреварувања од областа на спортот надвор од државата, учесниците го остваруваат со дозвола од страна на деканот, кој назначува одговорно лице за водење на учесниците на манифестацијата од страна на вработените.

## VII. ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

**Член 12**

Заради организирано следење и унапредување на спортските активности на Факултетот, постигнување на поголеми резултати, како и остварување на одредени бенефиции на учесниците, се утврдува водење евиденција на студентите-учесници во спортските активности.

Бенефициите на учесниците во спортските активности ги утврдува деканот со посебна одлука.

Факултетот води посебна Книга за евиденција на студентите-учесници во спортските активности и изработува посебна легитимација со слика за секој учесник поединечно.

Факултетот води евиденција и за постигнатите резултати, награди и признанија на Факултетот од областа на спортот.

Работите поврзани со евиденцијата од областа на спортот ги врши Комисијата за спортските активности на Факултетот.

## VIII.НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 13

За постигнати високи резултати од областа на спортот на државно и меѓународно ниво, Комисијата предлага доделување награди и признанија за учесниците, одговорните лица и за стручните лица.

Одобрувањето и видот на наградите и признанијата го одобрува деканот со одлука.

**Декан**

**Проф. д-р Гале Галев, с.р.**

---

Врз основа на член 55 став 11 и член 30 став 1 алинеја 33 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а по предлог на Катедрата за Е-бизнис, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 13.1.2006 година го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

**за измена и дополнување на Правилникот за организацијата и надлежностите на катедрите на Економскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Во членот 3 став 1 од Правилникот за организацијата и надлежностите на катедрите на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 26.2.2002 година, се додава нова точка 8 која гласи:"8 Катедра за Е-бизнис".

**Член 2**

Во членот 5 став 1 од Правилникот за организацијата и надлежностите на катедрите на Економскиот факултет во Скопје се додава нова алинеја која гласи:

„ Во состав на Катедрата за Е-бизнис спаѓаат следните предмети:

1. Основи на Е-бизнис
2. Основи на дигиталната економија
3. Интернет-маркетинг
4. Маркетинг-комуникации
5. Основи на интернет-архитектурата
6. Организација и дизајн на WEB
7. Правни и етички аспекти на интернет
8. Менаџмент на Е-бизнис 1
9. Логистика
10. Проект-менаџмент
11. Менаџмент на Е-бизнис 2
12. Оптимизација во интернет-окружувањето
13. Користење на апликации преку интернет
14. Анализа на Е-бизнис
15. Современи трендови во Е-бизнис
16. Маркетинг преку повеќе канали."

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Универзитетски гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Декан**

**Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.**